# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за реализирани активности по програмата на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации во 2021 година

Во тек на 2021 година Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија ги превзеде следните активности во областа на граѓанските организаци, согласно усвоената Програма за активностите на Општина Крива Паланка за поддршка на граѓанските здруженија и фондации за 2021 година.

- Донесени се нови критериуми за поддршка на граѓанските организации-ГО и усвоена од страна на Советот на Општината е нова ЛОД Методологија за распределба на јавните средства до граѓанскте организаии, а со цел да се обезбеди квалитет во процесот на планирање и имплементација на проекти, како и употреба на поедноставни алатки и документација за успешна имплементација и мониторинг на проектите и трошењето на средствата, кои се распределени на граѓанските организации.

Оваа активност Општина Крива Паланка ја реализира со вклучување во проектот „ReLOaD 2“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), кој ќе се имплементира во следните три години, односно до 2024 година.

Основна цел на оваа Програма, е зајакнување на партиципативната демократија и интеграција на Западен балкан во ЕУ, преку зајакнување на граѓанското општество и младите, со цел активно учество во донесување на одлуки и подобрување на правното и финансиското опкружување за граѓанските организации, а истата е финансирана од Европската Унија од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).А проектот „ReLOaD2“ предвидува финансиската поддршка за зајакнување на граѓанското учество со имплементирање на активности и проекти што се од интерес на локалната заедница, како и транспарентното работење.

Во реализацијата на проектот (RELOAD 2), акцентот ќе биде ставен на младинските организации, нивните потреби и прашања, како и во градењето и зајакнувањето на капацитетите на граѓанските организации, со обезбедување на менторство и логистичка поддршка за успешно вклучување и спроведување на овој процес.

- Општина Крива Паланка патиципираше и даде поддршка во реализацијата на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“ поддржан од Меѓународниот центар „Улоф Палме“ а имплементиран од РЦС „Спектар“, во соработка со НВО Инфоцентар.

- Општина Крива Паланка се вклучи во проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“ кој го реализира Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ заедно со партнерот ,,Инклузива“ и Здружението за давање услуги на лицата со попреченост „Хендимак“.

Овој проект се реализира во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, а финансиски е поддржана од страна на Европската унија.

Во рамки на овој проект, во Општина Крива Паланка беа потпишани четири договори за стипендирање на дечиња со попреченост, запишани во учебната 2020/21, првооделенци и ученици од второ одделение од двете основни училишта во Крива Паланка, ООУ „Илинден” и „Јоаким Крчовски”.

- Општина Крива Паланка се вклучува во процесот на имлементација на проекти од програмата РОМАКТЕД за инклузија на Ромите, која е финансирана од ЕУ.

За таа цел, потпишан е Меморандум за соработка со Институтот за истражување и анализа на политики „Ромалитико“-Скопје, организација за поддршка на процесот на имплементација на проекти од програмата. Од страна на Општина Крива Паланка започнати се првите активности во имплементација на проектот и формирана е работна група со претставници од јавните институции и претставници од општината и формирана е акциска група со претставници од ромската заедница, додека од страна на партнерот, назначен е фасцилитатор кој ќе го води процесот на импленетација на проекти од програмата РОМАКТЕД.

- Потпишан е трипартитен Меморандум за разбирање со Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ) и Здружението за унапредување на меѓусебна доверба -ТАКТ од Скопје. Меморамдумот е рамка за соработка во областите од заеднички интерес за сите три страни и за имплементација на проектот „Зајакнување на социјалната вклученост и промовирање на вработливоста на младите во Крива Паланка преку „Спорт за развој“.

Оваа активност претставува континуитет во соработката на Општината со тимот од Здружението за унапредување и меѓусебна доверба „ТАКТ”, кој заедно со локалното партнерство „Спорт за развој” работеа на развој на вештини за вработување кај младите, планирани активности кои се реализираат со пилот програмата за развој на вештини за вработување кај младите средношколци од стручните паралелки од средното училиште „Ѓорче Петров” во општина Крива Паланка заедно со тренерите и обучени ментори од спортскиот сектор, од училиштето и спортските клубови.

- Општината оствари дирекна соработка и заеднички активности со граѓанските здруженија од Крива Паланка во големата еколошка акција „Генералка викенд“ и кампањата на ЕУ „Чисто како дома исто“.

- Во тесна соработка со клубот на пензионери од Здружението на старосни пензионери од Крива Паланка отворена е пензионерска библиотека, наменета за сите пензионери од општината и соседната општина Ранковце.

- Согласно Програмата за соработка со здруженија на граѓани и фондации на општина Крива Паланка и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош на здруженија и фондации од Буџетот на општината, донесен од страна на Советот, спроведена е постапката за објавување на Јавен повик, а за таа цел формирана е Комисија за оценување на поднесените проектни апликации.

Вкупен број на одобрени апликации, кои се квалификуваа и добија договори за финансиска поддршка/грант се 9 (девет) во вкупен износ од 457 430,оо денари.

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ги превзема сите потребни активности и ги стави на раполагање техничките и човечките ресурси со кои располага и освен со финансиски средства, Општина Крива Паланка обезбедува стручна, техничка и друг вид на помош, доделува награди и признанија, организира и други активности по потреба, на теми од јавен интерес, а се со цел на креирање проактивен граѓански сектор, кој ќе придонесува кон развој на локалната заедница и современото општество.

Изготвил:
Помлад соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор.
Лилјана Стојановска

Одобрил:
Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој
и информатичка технологија
Антонио Давитковски